# ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА,ФИНАНСИРАЊЕ, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА ФОТОВОЛТАИЧНИ МОДУЛИ НА КРОВНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ/СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

**12.01.2024**

**Број на огласот: 001/2024 од 12.01.2024**

## ДЕЛ I: ЈАВЕН ПАРТНЕР

**I.1) Податоци за јавниот партнер**

| | |
|---|---|
| **I.1.1) Име на јавниот партнер: ОПШТИНА ГОСТИВАР** | |
| **I.1.2) Адреса на јавниот партнер: ул.Браќа Ѓиноски бр.61 - Гостивар, Општина Гостивар** | |
| **Град/општина: Општина Гостивар** | **Поштенски код: 1230** |
| **I.1.3) Контакт: info@gostivari.gov.mk** | **Телефон: +389 (0) *42 213 511*** |
| **Е-пошта: info@gostivari.gov.mk** | **Факс: +389 (0) 042 214 406** |
| **Интернет адреса: http://www.gostivari.gov.mk/** | |

**I.2) Категорија на јавниот партнер**

☐ **Република Северна Македонија**

■ **Општина**

☐ **Град Скопје**

☐ **Општина во градот Скопје**

## ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА КОНЦЕСИЈАТА

| |
|---|
| **II.1. Назив на предметот на концесијата:** <br> **ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА,ФИНАНСИРАЊЕ, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА ФОТОВОЛТАИЧНИ МОДУЛИ НА КРОВНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ/СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР кое се остварува како јавна набавка на стоки/работи/услуги.** |
| **II.2. Природа и обем на концесијата:** <br> Комбиниран договор |

**II.3. Објаснување за оправданоста на доделувањето на концесијата и назначување на целите:**

Со цел да се надмине растечкиот јаз помеѓу потребата од инфраструктурни проекти и недостатокот од финансиски средства кај јавниот сектор за реализација на тие проекти, доделувањето на концесии се јавуваат како растечки елемент во „набавката" и подобрувањето на јавните услуги. Во тој контекст, наместо вообичаената практика инфраструктурните проекти и вршењето на јавните услуги да се финансираат исклучиво од централните и/или локалните буџети, преку различните модели на концесии се овозможува во нивното финансирање и вршење да биде вклучен и приватниот сектор. Концесиите најчесто се доделуваат за обезбедување и унапредување на различни видови јавни услуги и

инфраструктурни проекти, спортски објекти, транспортот (патишта, железници, аеродроми), телекомуникациите, снабдувањето со вода за пиење и третманот на отпадните води, во нашиот случај управувањето со отпад, здравството, објектите наменети за образование (училишта, интернати).

Концесиите претставуваат различни форми на соработка помеѓу јавниот сектор (централната и/или локалната власт) и приватниот сектор со цел да се обезбеди финансирање, изградба, реконструкција, управување и одржување на инфраструктурата и/или вршење на јавни услуги.

Врз основа на искуствата од бројни примери на успешни концесии, идентификувани се следните основни предности и придобивки кои и ќе се очекуваат од приватниот партнер:

• Поквалитетни јавни услуги: Распределбата на ризикот на приватниот партнер треба да го поттикне и да го унапреди квалитетот на јавните услуги особено кај оние проекти каде што плаќањето е поврзано со задоволувањето на однапред утврдени стандарди за давање на услуги.

• Зголемена ефикасност (намалени трошоци во проектниот животен циклус): Приватниот партнер е заинтересиран за смалување на трошоците за време на целиот период на операционализација на проектот, што потешко се постигнува во рамките на постојните механизми на управување од страна на јавниот партнер.

• Подобра распределба на ризиците: Во оваа насока треба да се прецизира дека треба да се оптимизира и максимизира преносот на ризикот за да може да се обезбеди создавање на поголема вредност за парите.

• Побрза имплементација на проектот: Со оглед на тоа што е поврзано со започнувањето на давање на јавни услуги, приватниот партнер е мотивиран работите да ги изведе во што пократок временски рок.

• Подобрено управување: Со пренесувањето на обврската за давање јавни услуги на приватниот партнер, јавниот партнер се јавува во улога на регулатор и се насочува на активности кои се однесуваат на планирање, уредување и контрола, наместо секојдневно давање на јавни услуги.

Очекуваните придобивки за општината се:

• Генерирање на приватен капитал,

• Трансфер на ризик кон приватен партнер,

• Подобрување на животните услови на граѓаните

• Подобрување на здравјето на граѓаните

• Охрабрување на иновации

**II.4. Место/локација на извршување на концесијата:**

Локацијата на извршување на КОНЦЕСИЈАТА е на територија на **Општина Гостивар** во прилог на тендерската документација се дадени сите потребни податоци.

**II.5. Проценета вредност на договорот за КОНЦЕСИЈА:**

**ДАДЕНИ ДЕТАЛИ ВО ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕТАЦИЈА**

**ДЕЛ III: ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИ/ПРИЈАВИ ЗА УЧЕСТВО**

**III. 1. Рок за поднесување на понудата/пријавата за учество**

**Датум**: **11.03.2024 година до 11:00 часот**.

**III.2. Адреса на поднесување на понудата/пријавата за учество**

**III.1.2) Адреса на концедентот: Браќа Ѓиноски бр.61 –Гостивар, Општина Гостивар**

**Град/општина: Општина Гостивар** **Поштенски код:1230**

**III.3. Јазик на кој мора да биде напишана понудата/пријавата за учество:**

☒ Македонски

☐ Англиски

☐ Друг

Секој заинтересиран економски оператор може да подигне тендерска документација по претходно доставено електронско барање за подигање на тендерска документација до контакт лицето:

**Bashkim Asani**, email:. **bashkim1979@gmail.com**.

Кон барањето задолжително во прилог треба да се достави доказ за уплата на средства со назнака за подигање на тендерска документација на сметка на општина Гостивар и овластување за лицето кое ја бара тендерската документација со задолжителни контакт податоци, телефон и емаил.

Тендерската документација се подига од општина Гостивар на електронски пренослив уред (ЦД, usb) или хартиена форма.

III.4) Услови за доставување на понудите

III.4.1) Понудите да се достават најдоцна до: **11.03.2024, во 11:00** часот по локално време,

III.4.2) Краен рок за поставување прашања: **01.03.2024, 15:30** часот по локално време,

III.4.3) Краен рок за одговор на прашања: **06.03.2024, 15:30** часот по локално време,

VIII.5) Период на важност на понудата: 150 денови

VIII.6) Услови за отворање на понудите: Јавното отворање на понудите ќе се одржи на денот и во часот определен како краен рок за доставување на понудите **11.03.2024 во 11:00 час**от, по локално време Место: општина Гостивар, со адеса **ул.--- бр. -- Гостивар Општина Гостивар**.

VIII.5) Датум на објава**: 12.01.2024**

## ДЕЛ IV: ВИД НАПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

■ **Отворена постапка**

☐ **Ограничена постапка**

☐ **Постапка со преговарање со претходно објавување на оглас**

☐ **Конкурентен дијалог**

## ДЕЛ V: НАДОМЕСТ ЗА ТЕНДЕРСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Тендерската документација е достапна на македонски јазик и доколку заинтересираните понудувачи сакаат да ја подигнат потребно е да се уплатат **150 евра** во денарска противвредност, според среден курс на Народна банка на Република Северна Македонија.

**ДЕНАРСКА СМЕТКА: Цел на дознака – за подигнување на тендерска документација за**

**ОГЛАС 0001/2024 - ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА,ФИНАНСИРАЊЕ, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА ФОТОВОЛТАИЧНИ МОДУЛИ НА КРОВНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ/СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР**

сметка број: 716014021563012, ПРИХОДНА ШИФРА: 725939, програма: 00.

## ДЕЛ VI: УСЛОВИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА НА ПОНУДУВАЧИТЕ/КАНДИДАТИТЕ

**VI.1. Лична состојба**

Докази и нивни вредносни показатели со цел за утврдување на состојбата:

Јавниот партнер ќе го исклучи од постапката за јавна набавка економскиот оператор:

1) доколку утврди дека на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има елементи од кривичните дела учество во злосторничко здружување, корупција, затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе, утврдени во Кривичниот законик.

2) кој има неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки, освен ако му е одобрено одложено плаќање на даноците, придонесите или другите јавни давачки во согласност со посебните прописи и истите редовно ги плаќа;

3) кој е во постапка на стечај или во постапка на ликвидација;

4) на кој му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;

5) на кој му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;

6) на кој му е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност или

7) кој дава лажни податоци или не ги доставува податоците што ги бара договорниот орган.

Јавниот партнер го исклучува економскиот оператор од постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство доколку до крајниот рок за поднесување на понудите или пријавите за учество е на листата на издадени негативни референци .

Јавниот партнер ќе го исклучи економскиот оператор од постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство во случаите доколку:

а) јавниот партнер оправдано заклучи дека економскиот оператор со други економски оператори постигнал договор чија цел или последица е нарушување на конкуренцијата . Се смета дека заклучокот на јавниот партнер од оваа точка е оправдан доколку Комисијата за заштита на конкуренцијата, врз основа на пријава на јавниот партнер , во рок од 15 дена го извести јавиот партнер дека ќе поведе прекршочна постапка;

б) економскиот оператор покажал значителни или постојани недостатоци во исполнувањето клучни обврски во претходни договори за јавни набавки или преходни договори за концесии и јавно приватни партнерства склучени со јавниот партнер, што резултира со еднострано раскинување на договорот, барање оштета или преземање други слични санкции од страна на јавниот партнер;

в) економскиот оператор незаконски влијае врз одлуката на јавниот партнер или да добие доверливи информации со кои би можел да стекне незаконска предност во постапката за јавна набавка.

За докажување дека не постојат услови за исклучување од постапката, економскиот оператор ги доставува следниве документи:

- изјава на економскиот оператор дека во последните 5 години на економскиот оператор или на лицето кое е член на управниот или на надзорниот орган на тој економски оператор или кое има овластувања за застапување или донесување одлуки или надзор врз него, во последните пет години не му е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело кое има

елементи од кривичните делаучество во злосторничко здружување, корупција,затајување даноци и придонеси, тероризам или казнени дела поврзани со терористички активности, перење пари и финансирање тероризам и злоупотреба на детскиот труд и трговија со луѓе,утврдени во Кривичниот законик;

- потврда за платени даноци, придонеси и други јавни давачки од надлежен орган од земјата каде економскиот оператор е регистриран;
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека не е отворена постапка за ликвидација од надлежен орган или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно-приватно партнерство или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна трајна забрана за вршење на одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста;
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност или единствен документ за докажување на способноста и
- потврда дека со правосилна пресуда не му е изречена прекршочна санкција - привремена забрана за вршење одделна дејност или единствен документ за докажување на способноста.

**VI.2. Способност за вршење на професионална дејност**

Докази и нивни вредносни показатели со цел за утврдување на способноста:

За да ја докаже способноста за вршење на професионална дејност, понудувачот треба да достави **документ за регистрирана дејност** како доказ дека е регистриран како физичко или правно лице или доказ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран.

- За домашните понудувачи тоа е ДРД образец или потврда за регистрирана дејност издаден од Централен регистар на Република Македонија.
- Лиценца Б за изведба за градби од II категорија
- лиценца Б за проектирање на градби, и
- лиценца за вршење на енергетска дејност-производство на електрична енергија.

Во случај кога понудувачот е странско правно лице, како доказ за вршење на дејноста ќе се смета документ издаден од соодветен трговски регистар кој се води во земјата каде е регистриран, или документ дека припаѓа на соодветно професионално здружение согласно со прописите на земјата каде што е регистриран, издаден од надлежен орган, или дека припаѓа на соодветно професионална асоцијација или организација евидентирана во соодветен регистар, или друг доказ во согласност со прописите на земјата каде е регистриран.

**VI.3. Економска и финансиска состојба**

| | |
|---|---|
| Економскиот оператор го докажува исполнувањето на минималните услови со доставување на:<br>извод од целокупниот приход на претпријатието (податок од билансот на успех издаден од надлежен орган, односно ревидиран биланс на успех) и, онаму каде што се бара, изјава за приходот во областа која се | За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата економска и финансиска состојба, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:<br>•<br>Минимален вкупен приход во износ од 480.000.000 денари за последните три фискални години (2022, 2021 и 2020 година) |

| | |
|---|---|
| | • Да има одредени вредност на показатели на работењето, како: нивото на стабилност, ликвидност и успешност, за последните 3 години (2022,2021,2020), односно, просекот за дејноста за 2022 година да биде<br>• - општа ликвидност > 100<br>• - тековна ликвидност > 80<br>• - Коефициент на економичност > 1 |

| | |
|---|---|
| покрива со договорот за јавна набавка, и тоа најмногу за последните три финансиски години за кои се расположливи ваквите информации во зависност од датумот на кој претпријатието е основано или започнало со работа и во зависност од достапноста на таквите информации. | |
| **VI.4. Техничка и професионална способност** | |
| Листа на извршени работи - Договори за извршени исти или слични работи | За да се квалификува како способен за извршување на предметниот договор за јавна набавка од аспект на неговата техничка и професионална способност, економскиот оператор треба да ги исполнува следниве минимални услови:<br>1. да има имплементирано најмалку еден договор за ЈПП од областа, односно за изградба на фотонапонска електроцентрала/и од обновлив извор на енергија со вкупна инсталирана моќност од најмалку 40 MW, во последните 3 (три години)наназад од денот на јавното отварање<br>2. Да инвестирал во изградба, изградил или како подизведувач учествувал во изградба на електроцентрала/и од обновлив извор на енергија со вкупна инсталирана моќност од најмалку 80 MW, во последните 3 години и/или<br>3. да има вработено најмалку 2 (два) електроинженери, со повеќе од 2 годиниискуство во изработка на проекти од областа на фотонапонска/и електронцентрала/и од обновливи извори на енергија<br>4. да има вработено најмалку 2 (два) електроинженери со овластување Б за проектирање од областа на електротехниката од Комора за овластени инженери и архитекти на РСМ<br>5. да има вработено најмалку 2 (два) електроинженери со овластување Б за изведба од областа на електротехника од Комора за овластени инженери и архитекти на РСМ<br>6. потребен податок за друг клучен кадар |

| | |
|---|---|
| | 7. да има вработени најмалку 10 монтери со минимум средно образование<br>8. потребен податок за механизација<br>9. податок за механизација<br>10. податок за механизација<br>11. податок за механизација |
| Системи за квалитет | За да се квалификува како способен за извршување на предмедниот договор од аспект на стандартите за системи за квалитет, економскиот оператор треба да ги исполнува следните стандарди:<br>- ISO 9001-2015 или еквивалент |
| Системи за управување со животна средина | За да се квалификува како способен за извршување на предмедниот договор од аспект на Системи за управување со животна средина, економскиот оператор треба да ги исполнува следните стандарди:<br>- ISO 14001 или еквивалент |
| Стандарти за заштита при работа | За да се квалификува како способен за извршување на предмедниот договор од аспект на Стандарти за заштита при работа, економскиот оператор треба да ги исполнува следните стандарди:<br>- ISO 45001 или еквивалент |
| Гаранција на понудата | - Гаранција на понудата во износ од 3% - од проценета вредност на вкупните капитални трошоци за првата година на реаллизација на проектот се 477.688.230,00 денари.<br>Како дел од понудата, понудувачот задолжително доставува гаранција на понудата во износ од 3% од проценетата вредност или 14.330.649,00 денари. |
| Гаранција за квалитетно извршување на договорот | - 5% од вредноста на договорот со ДДВ. |

## VII. КРИТЕРИУМИ КОИ ЌЕ БИДАТ ПРИМЕНЕТИ ПРИ ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**1**.За носител на набавката ќе биде избран оној понудувач кој ќе има економски најповолна понуда:

Максималниот број на бодови кои може да се добијат изнесува 100. Избраната понудае економски најповолна понуда. Економски најповолна понуда е онаа што има најмногу бодови во однос на квалитативните и квантитативните критериуми.

Критериум за доделување на договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство е економски најповолна понуда утврдена со процентот кој приватниот партнер ќе му го отстапи на јавниот партнер од вкупно произведената електрична енергија на месечно ниво.

## VIII. МИНИМУМ РАБОТИ ИСКАЖАНИ ВО ПРОЦЕНТИ КОИ ЌЕ БИДАТ ДОДЕЛЕНИ НА ТРЕТИ СТРАНИ (доколку е предвидено)

## IX. МИНИМАЛНИОТ ИЗНОС НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОНЦЕСИЈА И/ИЛИ НАЧИНОТ НА КОЈ ИСТИОТ СЕ ПРЕСМЕТУВА (доколку е предвидено)

Проценетата вредност на ЈПП проектот согласно Физибилити студијата на оправданост од ОГЛАС ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ИЗГРАДБА,ФИНАНСИРАЊЕ, СТОПАНИСУВАЊЕ И ПРЕНОС НА ФОТОВОЛТАИЧНИ МОДУЛИ НА КРОВНИТЕ КОНСТРУКЦИИ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ВО НАДЛЕЖНОСТ/СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР, преку проектирање,финансирање, управување, одржување и развој во општина Гостивар, Врз основа на утврдениот услов за оправданост на проектот се базира на остварениот приход е проценетата вредност на концесијата и проектот изнесува 477.688.230,00 денари.

**X. БРОЈ И ДАТУМ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОГЛАСОТ**

| |
|---|
| Датум: **[12] /[0][1] /[2][0][2][4] , број: 001/2024** |

**ДЕЛ XI: ЖАЛБЕНА ПОСТАПКА**

**XI.1) НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБА**

| | |
|---|---|
| **XI.1.1) Име на органот: Државна комисија за жалби по јавни набавки** | |
| **XI.1.2) Адреса на органот: Бул.Илинден бр.63А Скопје** | |
| **Град/општина: Скопје** | **Поштенски код:1000** |
| **I.1.3) Контакт:** | **Телефон:** 02 3251 251 |
| **Е-пошта:** dkzjn@gs.gov.mk | **Факс:** 02 3251 250 |
| **Интернет адреса:www.dkzjn.gov.mk** | |

**XI.2) ПРАВО НА ЖАЛБА**

| |
|---|
| **XI.2.1) Рок за поднесување на жалба:** |

**ДОДАТОК А**

**ОСТАНАТИ АДРЕСИ И КОНТАКТИ**

**I. АДРЕСА И КОНТАКТ КАДЕ ШТО МОЖЕ ДА СЕ ДОБИЈАТ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ :**

| | | |
|---|---|---|
| **Назив: Општина Гостивар** | | |
| **Адреса: Браќа Ѓиноски бр.61, Гостивар - Општина Гостивар** | | |
| **Место: Општина Гостивар** | **Поштенски код: 1230** | **Држава: Република Северна Македонија** |
| **Канцеларија/место за контакт:**<br>**Ул.Браќа Ѓиноски бр.61- Гостивар, Општина Гостивар**<br>**Лице за контакт: BASHKIM ASANI** | **Телефон: 076 233 101** | |
| **I.1.3) Контакт: Општина Гостивар** | **Телефон: +389 (0) 4 2 213 511** | |
| **Е-пошта:** ***bashkim1979@gmail.com*** | **Факс: +389 (0) 042 214 406** | |
| **Интернет адреса: http://www.gostivari.gov.mk** | | |

**II. АДРЕСА И КОНТАКТ КАДЕ ШТО СЕ ДОСТАПНИ ДОПОЛНУВАЊАТА/ИЗМЕНИТЕ НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА :**

| | | |
|---|---|---|
| Назив: ОПШТИНА ГОСТИВАР | | |
| Адреса: Браќа Ѓиноски бр.61, Гостивар | | |
| | Поштенски код:1230 | Држава: Македонија |
| Канцеларија/место за контакт:<br>Лице за контакт: Bashkim Asani | | Телефон: +389 (0) 42 213 511 |
| Е-пошта: bashkim1979@gmail.com | | Факс: |
| Интернет адреса: | | |

III. АДРЕСА И КОНТАКТ ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА/ПРИЈАВА ЗА УЧЕСТВО :

| | | |
|---|---|---|
| Назив: Општина Гостивар | | |
| Адреса: Браќа Ѓиноски бр.61 , Гостивар, Општина Гостивар | | |
| Место: Општина Гостивар | Поштенски код: 1230 | Држава: Република Северна Македонија |
| Канцеларија/место за контакт:<br>ул Браќа Ѓиноски бр.61, Гостивар -Општина Гостивар<br>Лице за контакт: BASHKIM ASANI | | Телефон: 076233101 |
| I.1.3) Контакт: Општина Гостивар | | Телефон: +389 (0) 42 213 511 |
| Е-пошта: *info@gostivari.gov.mk*<br>Факс: +389 (0) 042 214 406 | | |
| Интернет адреса: http://www.gostivari.gov.mk | | |